**Малите бизниси се нашиот приоритет**
**Европа е добра за МСП, МСП се добри за Европа**

Европска Комисија
Генерален Директорат за претријатија и индустрија

**Европска заложба во корист на малите бизниси**
*„Денешниот Закон за мали бизниси е чекор понатаму кон идеата за Европа на претприемачи, со помалку мачни бирократки процедури а повеќе почести за Европските 23 милиони МСП. Законот има за цел да им помогне на МСП да се развиваа, а најдобрите да ги воздигне во класата на светски играчи. Законот за мал бизнис е всушност пресуданата прекретница во вистинската имплемнтацијата на Лисабонската стратегија за економски раст и работни места.*
*Тоа значи поодговорна јавна администрација, помалку задоцнети плаќања, подобрен пристап до поддршка со финансирање за МСП, повеќе иновации и едукација, пониски стапки на ДДВ за услугите кои се обезбедуваат локлно и подобрен пристап и можност за склучување договори при јавните набавки. Овој пакет на МСП ке им овозможи пристап кон Европскиот Статут за приватни претпријатија, со што ќе продонесе за намалување на бирократијата и зголемување на транспарентноста“.* ***Хозе Мануел Баросо, Птреседател на Европската Комисија***

Малите бизниси стануваат се поважни во нашето општестество како место каде се создаваат нови можности за вработувања и се клучни чинители на добросостојбата на локалните и регионалните заедници. Затоа, Законот за мал бизнис за Европа за прв пат предлага создадавање на опсежна политичка рамка на Европската Унија и нејзините земји членки.
Законот за мал бизнис се заснова на убедувањето дека на претприемништвото и претприемачите треба да им биде одадено признание и награда бидејки го претставуваат рбетот на нашето општество. Грижата за МСП треба да стане носечка политика. Да се постигне ова, принципот „најпрво да се мисли на малото“ треба безусловно да биде вкоренет при креирањто на политиките, од регулативите до јавниот сервис, обезбедувајки така нвите правила да го рефлектираат мнозинството што нив ќе ги користи. На МСП мора да им се помогне да напредуваат. Кога при отварањето на нов бизнис и во текот на неговиот растеж, се наметнуваат непотребни препреки кои мора да бидат отстранети. Кога МСП заостануваат како последица на пазарни дефекти, истите мора да бидат корегирани. Законот за мал бизнис за Европа предлага партнерство меѓу Европската Унија и земјите членки. Збирка на десет основни принципи треба да ја водат политиката подеднакво, во ЕУ и на ниво на националните економии. Законот е амбициозен пакет на нови мерки, вклучително четири законски предлози, кој истите ги претвора во акција. Над се, сите земји членки се поканети да го почуствуваат добробитот од добрите практики кои постојат во рамки на Евопската Унија.
Она што сега е неопходно, е силна политичка заложба на највисоко ниво да се постигне вистински напредок. Јас верувам дека Законот за мал бизнис за Европа ќе биде вистинскиот двигател кој ќе ги претвори зборовите во дело.
***Гинтер Вејхојген,*** *Потпретседател на Европската Комисија*

**Едноставен пристап до корисни информации**
Податоци за политиката на ЕУ, програмите и алатките за МСП лесно може да бидат пронајдени на различни веб страници. Да Ви помогнеме да ги најдете потербните информации, брзо и лено, на Вашиот говорен јазик, Европската Комисија го Порталот за МСП. Преку овој практичен портал, можете да најдете информации за:
- можностите за финасирање за МСП,
- услугите за помош и поддршка, он-лајн и во Вашиот регион,
- колкава е важноста на МСП за Европската еконономија во контекст на создавањето нови работни места
- како да се искористат поволностите што ги нуди Единствениот Европски Пазар
- како се поттикнува претприемништвото во Европа, како и
- редица останати политички мерки кои ги превзема Европската Унија во корист на МСП

Порталот за МСП веќе е достапен на 21 јазик
**Европски Портал за МСП** http://ec.europa.eu/enterprise/sme/







## Факти и бројки

Што претставуваат МСП?
Компаниите класифицирани како мали и средни претпријатија (МСП), официјално се дефинирани од страна на Европската Унија како субјекти кои имаат помалку од 250 вработени и кои се независни во своето работење во однос на поголемите субјекти. Нивниот годишен обрт не може да надмине 50 милиони евра, или нивната годишна пресметка не надминува 43 милиони евра. Оваа

дефиниција е пресудна за утврдување кои компании можат да бидат корисници на европските програми за поддршка на МСП или конкретните политики, како што се правилта за конкуренција за МСП, итн.

МСП може да се поделат на три категории, согласно нивната големина: микро претпријатијата со помалку од 10 вработени, малите претпријатија - помеѓу 10 и 49 вработени и средните претпријатија со број на вработени помеѓу 50 – 249.

МСП во Европската економија

Микро-претпријатијата се вистинските гиганти на Европската економија



Микро претпријатија = 91,5%
Мали претпријатија = 7,3%
Средни претпријатија = 1,1%
Големи претпријатија = 0,2%

67% од работните места во Европскиот приватен сектор припаѓаат на МСП




**Извор: Еуростат СБС преглед на лица вработени во претпријатија, нефинасиски сектор*

**Со кои предизвици се соочуваат МСП?**

Секторот на МСП ги опфаќа сите видови на компании, почнувајќи од трговците-поединци, па се до задругите. Некои МСП даваат крајно традиционални услуги, додека други се брзо-растечки кои користат високи технологии. Како и да е, и покрај сите разлики меѓи нив, европските МСП ги врзува мноштвото предизвици со кои се соочуваат.

Најважните проблеми за Европските МСП




**Извор: Европска комисија, Извештај од отворената расправа околу Законот за мал бизнис, Април 2008*

Линкови:
- Европски портал за МСП http://ec.europa.eu/enterprise/sme/
- Европска мрежа на претпријатија - практични информации за законодавството на Европската Унија и водењето бизнис во ЕУ http://www.enterprise-europe-network.ec.europa.eu
- Статистика за МСП во Европа http://epp.eurostat.ec.europa.eu/

**Да им се олесни животот на малите бизниси**

За најголемиот број на мали и средни бизниси, административниот товар е проблем број еден. Цената на административните процедури за малите компании можат да бидат и до десет пати повискоки отколку за големите, правејки го овој товар диспропорционално тежок за малите бизниси. Токму заради ова Европската Комисија си постави две цели: да го намали административниот товар за малите бизниси до 25% пред 2012 и да обезбеди сите нови законски мерки кои се однесуваат на бизнисот да не бидат ограничувачки или на било каков начин неповолни за МСП. За оваа цел, Комисијата го континуирано работи и го поедноставува и подобрува европското законодавство и на таков начин ги охрабрува национлните и регионалните власти да го сторат истото во доменот на своето ниво на делување.

**Поедноставна и подобрена регулатива**

Акционата програма на Европската комисија во 2007 година да го намали административниот оптоварување за 25% и наметна приоритетни простори за делување кои се фокусираат на обврските за информирање во областа на: Законот за претпријатија, вработувањето, данокот на додадена вредност и статистиките. Релизација на некои од овие обврски веќе е започната.

На пример:
- При отварање на нови филиијали во некој од земјите членки, МСП повеќе нема да мораат да ги публикуваат деловните податоци во националните службени весници бидејки за истата цел ќе можат повторно да ги искористат претходно направените преводи, веќе сертифицирани во земјата членка каде била отворена претходната филијала.
- Микро-претпријатијата, повторно се изземени од обвската да подготвуваат детални годишни пресметки.

Намалувањето на административото оптоварување за 25% во бизнисот, ќе биде трансформиран во раст на Европскиот БДП за  1,5%, што во вредност изнесува 150 милиони евра. Тоа единствено може да биде постигнато доколку регионалните и локалните власти дејствуваат синхронизирано со Европската Комисија. Досега веќе осумнаест земји членки намалувањето на административниот товар за МСП го поставиле како приоритетна национална цел.

Некои од целите кои ги предлага Европската Комисија се:

- Трошокот за регистрација на ново претпријатие не треба да изнесува повеќе од 100 евра и да трае повеќе од една седмица
- Да се овозможи компаниите да ја извесуваат јавната администрација по принципот „еднаш и за секого"
- Доколку дозволуваат околностите, компаниите треба да обезбедуваат стистички податоци само еднаш во три години

Анкетите укажуваат дека повеќе од 10% од трговците-поединци би вработиле нови работници доколку бидат ослободени од крутите бирократските процедури. Со оглед дека овие претпријатија претставуваат повеќе од половината од сите бизниси во Европската Унија, тоа значи дека ваквите претпријатија имаат потенцијал за отварање на  повеќе од 1,5 милиони нови вработувања.

Во прилог на погоре кажаното, од 2005 година па се до денес Европската Комисија:

- повлекла 78 закони во уште во процесот на донесување
- поедноставила 54 иницијативи
- идентификувала 2500 нефункционални акти кои треба да бидат укинати

„Ние се зафаќаме со амбициозна програма за намалување на административното оптеретување и затоа ни е потребна помош ако сакаме да успееме. Помошта ни е потребна од страна на бизнисите, сите засегнати страни и земјите членки. Имаме потреба да разговараме со Вас и дури што е уште поважно, да Ве слушаме."
*Гинтер Вејхојген, потпретседател на Европската Комисија*

Отсега, компаниите можат да придонесат кон намалување на крутите бирократски процедури со свои идеи или предлози на специјално наменетата веб страница:
http://ec.europa.enterpris/admin-burden-reduction/online.consultation.en.htm

**Законодавство во прилог на МСП**
Неопходно е да бидеме сигурни дека новото законодавство нема дополнително да ги оптовари малите бизниси, туку напротив, ќе ги има во вид нивните потреби. За да се постигне тоа, Комисијата ги усвои следниве принципи:

- сите нови предлози кои имаат влијание на бизнисите мора да задоволуваат строги сигурносни услови заради нивниот потенцијален  одраз врз МСП,
- законодавството може да варира кога се работи за микро, мали, средни или големи претпријатија со цел да се обезбеди пропорционалност при оптоварувањето, согласно типот на компаниите,
- специфични мерки на поддршка, намалени давачки или дури целосни ослободувања може да бидат применети со цел да се заштитат МСП и обезбеди доволно простор за делување за сите компании

На пример:
Комисијата ги поедностави законски акти кои се однесуваат на МСП (посебно во фармацевтскиот сектор) преку намалување на давачките на микро-компаниите, дозволено пролингирано плаќање како и дополнителна административна и регулаторна помош, секогаш кога тие аплицираат кај Европската Медицинска Агенција.

Во Европската Комисија, ***Делегатот за МСП*** делува како Амбасадор на малите бизниси и одржува активна комуникација со сите засегнати страни и партнери на МСП, со цел, интересот

на МСП соодветно да биде застапуван во новото законодавство. Делегатот за МСП исто така е активен предлагач на решенија во однос на сите бариери кои претставуваат одредена препрека за МСП.

**Заштита на МСП од задоцнети плаќања**

Задоцнетите плаќања се проблем кои делуваат негативно на бизнисите. Една четвртина од сите инсолвентности отпаѓаат на доцнењето на наплатата и МСП што ги прави особено ранливи. Да се надмине ова, Комисијата си постави задача да преиспита 2000 сопствени директиви, со цел истите да ги поедностави и подобро да ги образложи прашањата од бласта на плаќање на каматите. Ова би требало да го санкционира доцнењето при исплатата и да обезбеди поголема сигурност за МСП во сите свои комерцијални трансакции.

**Стандардизацијата на страна на МСП**

За МСП, особено е важно да бидат свесни за постоењето на европските и меѓународните стандарди и истите, соодветно да ги интегрираат во своите произвостствени процеси. На тој начин овозможуваат нивните производи да бидат поконкурентни на меѓународниот пазар. За да може да се каже дека потребите на МСП се земени во предвид при подготовката на нов стандард, Комисијта одлучи ја дуплира финансиската поддршка за нивна имплементација, со цел да ги компензира трошоците на МСП, како и да објавува бесплатни информации на истата тема. Дополнително, постоењето на „Help-desk за МСП" треба да им послужи како водич и помош на малите бизнии низ процесот на стандардизација на нивните производства.

**Размена на добри идеи и практики**

Најголем број на потешкоитии со кои се соочуваат МСП се последица на делувањето законите, правилата и практиките кои се применуваат на национално или локално рамниште. Поради тоа Комисијата ги поттикнува властите насекаде во Унијата да идентификуваат и имплементираат ефективни иницијативи за подобрување на законските рамките во кои функционираат МСП. Тоа вклучува теми како: смалување на бирократски процедури при регистрација на компанија, подобрен пристап до извори за финасирање и поголема влкученост на МСП при распаравите кога се формулираат политиките кои го регулираат нивното функционирање.
Европската Комисија ја олеснува размената на „добрите практики" овозможувајки им на нацоналните и регионалните власти да го следат и споредуваат сопствениот напредок и попатно да учат едни од други. Тоа функционира. Земјите членки навистина учат од искуствата од примента на политички и други решенија на другите земји.

Линкови:
Европски портал за МСП http://ec.europa.eu/enterprise/sme/index_en.htm
Иницијатива за подобра регулатива
http://ec.eurorpa.eu/enterprise/regulation/better_regulation/
NORMAPME – Европска канцеларија за занаетчиство, трговија, и МСП за стандардизација
http://normapme.com/

**Подобрен пристап до извори за финасирање**

Вториот најголем проблем со кој се соочуваат малите и средни претпријатија во ЕУ е пристапот до соодветни извори за финасирање. Инвеститорите и банките честопати стојат понастрана од финасирање на новоформираните претпријатија и новите бизниси поради присутеноста на ризикот. И самите претпријатија понекогаш недоволно ги разбираат стравувањата на претходниве, што наоѓањето на потребната финсиската поткрепа го прави уште потешко. Во таа насока, Европската Комисија имплементира бројни програми кои директно се наменети за подобрување на финасиското опкружување за МСП со Европа.

Кај некои земји членки, три од четири почетни претпријатија добиваат заеми од тамошните банки или бараем можност за дозволено пречекорување на салдото, додека кај другите тој однос изнесува еден спрема четири.
*Извор: Микрофинансирање на малите бизниси - премостување на пазарниот јаз, Европска Комисија*

**Што прави Европска Комисија?**
Со оглед дека финасиските пазари не успеваат да ја обезбедат потребната финансиска поддршка за МСП, Европската Комисија создаде и финасира финансиски инструменти - гарантни шеми кои ќе им помогнат на МСП полесно да добијат финсиска поддршка која им е неопходна. Исто така таа го помага инвестирањето во почетни бизниси, а средствата се дистрибуираат преку финансиските институции како што се најчесто банките.
Во периодот од 1998 и 2006 година беа обезбедени преку 744 милиони евра кои беа искористени од страна на 360 000 мали бизниси. Со Рамковната Програма за Конкурентност и иновативноста 2007-2013 - CIP, на Европската Комисија, фондот на овие стретства беше значително зголемен и сега изнесува над 1 милијарда евра. Ова на финансиските институции треба да им даде можност да обезбедат околу 30 милиони евра нови средства за финасирања на, според пресметките, над 475 000 мали и средни претпријатија во Европа. Просечно, на секое евро потрошено од буџетот на ЕУ приватните инвеститори треба да бидат во можност да обезбедат 6 евра т.н „ризичен капитал" или банките да обезбедат вредност на заем од 50 евра.

*Финансиските инструменти* ги покриваат најразличните потреби на малите и средни претпријатија, без оглед дали се тоа почетни или веќе постоечки компании:

- Поддршката за високо-растечките и иновативни компании обезбедува капитал за иновативните МСП во нивната рана фаза или фазта на експанзија.
- Грантната поддршка обезбедува поголема сигурност на заемите за малите и средни претпријатија, чија цел е да ги охрабри банките да им стават на располагање повеќе средства за кредитирање, вклучувајки ги микрофинасирањето и тип ***МЕЗАНИН***-финасирање, редуцирајки го ризикот кој притоа банките треба да го понесат на товар на своето работење.

***Микрокредитите*** (заеми во износ од помалку од 25000 евра) имаат сериозно влијание на компаниите кои се нивни корисници. Сепак, евидентен е недостатокот на вакви кредити кои најдиректно го засегаат отварањето на нови бизниси од страна на невработените лица, жените - претприемачи или припадниците на етничките малцинства. Европската Комисија на таков начин ја ***зголемува достапноста на микрокредитите*** преку сопствените финасиски инструменти и ги охрабрува земјите членки да го зголемат и олеснат пристапот до микрокредитите за малите бизниси.

Групацијата на Европската Инвестициона Банка – EIB, го ***проширува начинот на кој ги поддржува малите и средни претпријатија*** преку поедноставување на своите механизми на финасирање, правејки ги потранспарентни и подобро насочени кон конкретните потреби на малите бизниси насекаде во Европа. ***Дополнителни средства*** како и ***повеке видови на финасиска поддршка – вклучувајки ги МЕЗАНИН финасирање, гаранциите и микрокредитите*** – ќе бидат ставени на рсполагање на малите и средни претпријатија со постојано прилагодување на специфичните услови на локалните услови и конкретните потреби на компаниите. Европската Инвестивиона банка исто така го проширува своето делување и на нови подрачја на финсирање, како што се нефинасиските инструменти – инвестирање во истражувањето и развој, воспоставување на дистрибутивна мрежа или обезбедувањена континуитет на бизнисот и после пензионирање на неговите основачи.

**На кој начин овие средства се достапни за МСП?**

Сите овие финансиски инструменти се менаџирани од страна на Групацијата на Европската Инвестициона Банка – EIB, посебно Европскиот Инвестиционен Фонд EIF, кои за сметка на Европската Комисија ги ставаат на располагање на малите и средни претпријатија преку финасиските посредници во земјите членки. На овој начин се обезбедува средствата да се дистрибуираат локално, односно колку што е можно поблиску до секое мало и средно претпријатие.

Дознајте која од финасиските институции треба да ги контактирате во Вашата земја:
http://accestofinance.eu/

Голем број на МСП не се запознаени со достапните финансиски инструменти, ниту како можат да дојдат до нив. Поради тоа во текот на 2008 и 2009 година во земјите членки Европската Комисијата организираше „Денови на финасирање на МСП“. Овие настани имаат за цел да ги стават на исто место МСП и националните финасиски посредници со цел да ја подигнат нивната свесност за постоењето на различните извори за финасирање, но исто така и да ги споделат искуствата и добрите практики, помагајки ги особено иновативните МСП полесно да дојдат до извори за финасирање.
http://sme-finance-day.eu/.

**Подобрување на финансиското опкружување за МСП**

За да го подобри финансиското опкружување за МСП, Европската Комисија работи заедно со националните власти на организирање размена на искуства и добри практики помеѓу националните влади. Во таа насока, Комисијата успеала истите да ги поттикне многуте земји членки на конкретни чекори во правец на подобрување на финансиското опкружувањето за МСП. Комисијата исто активно ги поттикнуваше меѓусебните контакти и разговори меѓу банкарите и малите и средни претпријатија со цел да ги идентификуваат и редуцираат бариерите со кои повеќето мали компании се соочуваат кога се во потрага по извори за финансирање.

**Зголемување на изворите за почетен капитал**

Обезбедување на извори на почетен капитал е од пресудно значење за создавањето раст на иновативните компании. Европскиот пазар за почетен капитал изнесува една половина од оној во САД, а особено се мали вложувањата во технологијата. Поради тоа, Европската Комисија и земјите членки заеднички интензивно работат на подготовка на политики кои ќе придонесуваат кон создаравање на конкурентен пазар за почетен капитал.

Инвестиции во технологија од страна на почетниот капитал




*Извор: Money for grwth, Europena Technology Investment Report 2004 and 2005, Pricewoterhouse Cooper*

**Поддршка на експанзијата во странство**

Една компанија која беше поддржана од страна на Грантната поддршка за МСП е Softimus, литванска компанија за дизајн и производство на мебел. Основана во 2003 година, таа постигна многу брз раст, порооширувајки се во Латвија, Варшава и Лондон. Сепак, на самиот почеток компанијата имаше проблеми со паричните текови како последица на брзата експанизија. Без финасиската гаранција од 50%, овозможена од страна на ЕУ фоновите, компанијата немаше да биде во можност да добие обртен капитал од страна на комерцијалната банка. Компнијата продолжи да расте и отвори 12 нови работни места, со што бројот на вработени сега изнесува 34.
Погледнете го видето за оваа и останатите успешни стории на:
http://www.sme-finance-day.eu/index.php?id=7

Линкови:
Европска Инвестициона Банка:
http://www.eib.org
Европски Инвестиционен Фонд:
http://www.eif.org
Водич за можностите за финасирање на МСП:
http://ec.europa.eu/enterprise/sme/funding_en.htm
Политиките на ЕУ за пристапот на МСП до можности за финасирање:
http://ec.europa.eu/enterprise/entrepreneurship/financing/index_en.htm
Европски Финасиски Индекс:
http://ec.europa.eu/enterprise/entrepreneurship/fi nancing/enterprise_finance_index/introduction.htm

**Помош за МСП за излез на странскита пазари**

Прекуграничниот бизнис се одвива на само неколку киломентри далеку од портите на огромен број многу мали фирми. Најголемиот успех на Европската Унија е да ја направи прекуграничната соработка едноставна прку создавање на широк единствен европски пазар со над 500 милиони потрошувачи. Тој им овозможува на малите и средни бизниси да го продаваат својот производ насекаде во Европската Унија без да има потреба да ги адаптираат на своите национални правила. Единствениот европски пазар им остава можност на МСП за раст, а претходните прошируавања на ЕУ всушност ги мултиплицираше деловните можности на малите и средни претпријатија.

Меѓутоа, фактите зборуваат дека дури 63% од Европските мали и средни претпријатија се активни единствено во нивните матични земји. Само 8% од нив извезуваат, а 12% од увозот кај просечно МСП е купено во странство. Делумно проблемот лежи во недостатокот на информации – познавањето на можностите кои се на располагање и кои се правилата на прекуграничниот бизнис. Многу мали и средни претпријатија исто така чувствуваат капитал за настап на странските пазари., па од тие причини потребна им е поддршка и советување за да можат да извлечат најмногу од придобивките на единствениот европски пазар.

**Што превзема Европската Унија?**

Предностите на единствениот европски пазар

Законодавството на Европската унија секојдневно се обновува и ажурира заради сигурност дека пазарот функционира безпрекорно и дека бизнисите и граѓаните можат да почувствуваат поволностите од воспоставените правила насекаде во Европа. Во Ноември 2007, Комисијата донесе пакет иницијативи со цел единствениот европски пазар да ги искористи предностите од глобализацијата, да се отвори кон малите бизниси, да ги зајакне потрошувачите и да помогне да се стимулира иновативноста. Овие инцијативи се засноваат на минатите успеси и продолжуваат да се имплементираат понататму, после извршените широки консултации со граѓаните, бизнисите, јавната администрација, академијата и претставничките организации.
За повеќе информации за Извештајот за единствениот европски пазар, погледнете на:
http://ec.europa.eu/internal_market/strategy/index_en.htm

Правењето на разлика помеѓу приватните компании со ограничена одговорност повлекува многу време и трошоци за малите и средни претпријатија за да можат да се организираат и почнат да работат и надвор од границите на своите земји. Од тие причини Комисијата предлага Статут за европските приватни компании (SPE), според кој тие можат да се организираат и потоа работат според истите правила насекаде во Европа. На пример, постоечките барања за минимален капитал за отварање на бизнис ќе биде отстранет и правилата за регистрација на компанија и водењето на бизнисот ќе биде поедноставен, така што на компаниите ќе трошат помалку пари на правни совети. Исто така, Комисијата ќе пристапи кон потребните дополнувања на предлозите, за да би се осигурало дека новите компании нависина ќе почувствуваат полза од постоечките директиви за корпоративниот данок.

Директивата за услуги, која ќе стапи во сила во 2010 година, ќе им олесни на комапниите да им ги понудат своите услуги на останатите Европски земји. Тоа ќе ја намали бирократијата при продажбатата на услугите и конечно ќе ги охрабри европските претпријатија за почнат да работат и надвор од границите на своите земји. Сите земји членки ќе треба да назначат контакт точки кои ќе и помогнат на компаниите од другите земји на Европската Унија кои ќе искажат интерес да ги понудат своите услуги.
Повеке за Директивата за услугите, погледнете на:
http://ec.europa.eu/internal_market/services/services-dir/index_en.htm

Јавните набавки претставуваат околу 16% од БДП на Европската Унија, но малите и средни претпријатија се соочуваат со проблемот на неможност за пристапат на јавните тендери. Новиот код на добри практики за јавните набавки ќе го олесни пристапот и склучувањето на договори на МСП при јавните набавки. Тој нуди решенија за малите компании преку: намалувањето на големината на договорите, подобување на пристапот кон информации при склучување на јавните договори и за тоа како да се аплицира (вклучувајки го он-лајн системот), намалувајки ги непотребните финасиски давачки и намалувајки го административниот товар и документација врзана со тендерите.

## Информација за водење на бизнис во другите земји членки

Јазичките бариери, преостанатите законски и регулаторни разлики, несодветниот пристап кон финасирање за МСП, како и недостаток на познавања за другите пазари се, според претприемачите, главните причини поради кои повеќе мали и средни претпријатија не го прочируваат својот бизнис во другите земји. Европската комисија воспостави широка мрежа за деловна поддршка со цел да им помогне и советува ебропските мали и средни претпријатија да ги надминат овие потешкотии. Заради истата цел, 550-те контакт лица на Европската мрежа на претпријатија, вклучувајки ги и стопанските комори, регионалните развојни агенции и универзитетските технолошки центри се воспоставени во земјите на Европската Унија и пошироко. Тие постојат за да им помогнат на малите и средни претпријатија во поглед на јавните набавки, финсиите, Европското законодавство и европските програми за финасирање на МСП. Секоја година, овие центри одговараат на стотици илјади барања за информации, помош или советување.
За да го најдете контакт лицето на Европската мрежа на претпријатија која е најблиску до Вас, посетете го:
http://www.enterprise-europe-network.ec.europa.eu/index_en.htm

Дополнително, бизнис сесија на порталот „Вашата Европа“ (‘Your Europe’) нуди практични информации за правата и обврските на претприемачите при деловните релации со другите земји на Европската Унија:
http://ec.europa.eu/youreurope

Италијанска компанија која сака да ги извезува своите вина и масла во Австрија побара од Европската мрежа на претпријатија иноформацијa за контакт лицето во Фиренца со цел да организира промотивен настан и да се претстави на Австрискиот пазар. На работилницата организирана од страна на Центарот во Виена дојдоа повеќе од 30 Австриски компании и 13 други Италијански фирми. Овој центар и помогна на оваа Инталијанска компанија исто така, со тоа што и ги обезбеди неопходните информации за царинските и другите фискални обврски, склучувањето на договори итн. Резултат на сето ова е што посочента Италијанска компанија сега ги извезува своите производи во Австрија.

***Помош за МСП да ги остварат своите права***
Ако некоја компанија или поединец смета дека заните на ЕУ, или уште повеќе правилта на Единсвениот Европски Пазар не се применуваат соодвето во практиката или пак не се интегрирани од страна на јавните власти, истите можат да побараат решение преку он-лајн сервисот на Европската Комисија SOLVIT. Сервисот е бесплатен и сите експерти кои се вклучени, посветено работат за изнаоѓање на вистинско и задоволително решение во рок не подолг од десет седмици. За таа цел постои SOLVIT центар кај сите земји членки.
За да го исконтактирате SOLVIT центарот, погледнете на:
http://ec.europa.eu/solvit/site/index_en.htm

## Да се отиде и подалеку од границите на Европа

Европската Комисија исто така им овозможува на компаниите да се здобијат со можност за пристап на пазарите и надвор од Европската Унија, преку **Центрите за Деловна Поддршка** кои се воспоставени во **Кина** и **Индија**. Овие центри ќе им помогнат на компаниите кои сакаат да воспостават трговски релации со овие земји.

Малите и средни претпријатија исто така ќе можат да имаат корист од програмите како Gateway to Japan (Влез во Јапонија), AL Invest (Латинска Америка), PRO-Invest (ACP-African, Caribbean and Pacific Countries) и ЕТП Јапонија и Кореа и **новата тренининг програма за млади менаџери во Кина**.

http://www.gatewaytojapan.org/
http://ec.europa.eu/europeaid/projects/al-invest/index_en.htm
http://www.proinvest-eu.org/
http://etp.org
http://www.eu-japan.eu/europe/htp.html

Дознајте повеќе за обврските и даноците при извоз кои се во примена во земјите надвор од Европската Унија

Одговорот се наоѓа во базата на податоци на Европската Комисија. Таа обезбедува податоци за:

- условите привоз и инвестиции во земјите надвор од Европската Унија како и за другите давачки и даноци кои се во примена
- процедурите и документите за увоз кои се неопходни при увоз на одреден производ

http://mkaccdb.eu.int/mkaccdb2/indexPubli.htm

## Обезбедување фер конкуренција

Конкурентен и отворен Единствен Европски Пазар е најдобриот сојузник за Европските МСП кои целат кон подобрување на нивната ефикасност и иновативен потенцијал. Европската Унија за таа цел основа силна и конкурентна политика која ги заштитува МСП од нелојалнта конкуренција од страна на другите претпријатија.

Европската Комисија, не откажувајки се од својата заложба за слободна конкуренција на Единствениот Европски пазар, постојно ги ажурира правилата со цел да ги поттикне националните и регионалните влади доплнително да ги пренасочат јавните субвенции. Целта е да се укинат конроверзните и анти-конкурентските брошури, а за возврат да се подржат мерките каи навистина ке придонесат за зголемен раст и создавање на нови работни места. Од причина што кај Европските МСП лежи огромен потенцијал за развој и создавање на нови работни места, малите компании ќе бидат првите кои ќе ги почувствуваат поволностите од ваквиот пристап.

## Што превзема Европската Унија

Зштита од злоупотребаод страна на доминантните компании

Подрачје на кое посебно се фокусира Европската Комисија е спречувањето доминантните компании да ја злоупотребуваат својата пазарна надмоќ и да ги ограничуваат помалите конкуренти. Овој вид на антиконкурентска практика е забранета со законите на Европската Унија. Комисијата особено внимание полага на поплаките од страна на помалите бизниси во оваа област.

Спојувања помеѓу компании кои создаваат или ја зајакнуваат доминантната позицја исто така е забранета се со цел да обезбеди заштита на високиот степен на конкуренција. Сепак, само спојувања кои пречекоруваат одреден праг мора да бидат пријавени кај Европската комисија заради добивање на дозвола. Во таа смисла спојувања помеѓу МСП, генерално, не е предмет на законските процедури на ЕУ.

## Спречување на непазарно формирање на цените

Некои договори помеѓу големите компании, исто така можат да ја нарушат нормалната конкуренција, на штета на малите компании. Нјапознат е примерот на договарање на цените, каде поголемите компаниите меѓусебно ги нагодуваат цените, така што потрошувачите се прикратени од можноста да ги искористат предностите на конкуренциојата меѓу различните добавувачи и ја

изберат подобра набавна цена. Слични договори меѓу малите и средни претпријатаија, меѓутоа, во голема мера се ослободени од забраните постевени од страна на Европската Унија.

### Насочување на државната помош кон реалните потреби

Земјите на Европоската Унија и нејзините политики секогаш ги третираат МСП со особено внимание, препознавајки ги специфичните тешкотии со кои тие се соочуваат поради својата големина. За разлика од големите компании, на малите и средни претпријатија им е дозволено да ја искористат понагласената државна помош наменета за нив и тоа во разични области - инвестиции, едукација, истражување и развој, заштита на животната средина. Тие исто така можат да ги користат бенефициите од неколкуте видови на поддршка намнети за решавање на нивни конкретни потреби - на пример, консултанска помош при прв настап на саеми и сл.
Земјите членки, преку изземање од придржување на одредени прописи, можат да даваат одредена помош на малите и средни претпријатија без да има потреба истата да ја да ја нотираат кај Европската Комисија. Новиот Акционен план на Комисијата за државна помош, дополнително го поддржува овој пристап.

Прво и најважно, лајтмотивот на Комисијата е „ Помалку помош, но подобро насочена“
Националани регионални власти финансиските интервенции во приватниот сектор трба да ги насочат во правец на промовирање на зголемување на нови работни места. Поради улогата на МСП во зголемувањето на вработеноста и генерално развојот, јавната поддршка наменета за справување со пазарните неправилности со кои се среќаваат МСП, се сметаат за „подобро насочени“ мерки.
„Правилата за добивање државна помош треба да им помогне на земјите членки, нивните даночни обврзници да го имаат чувството дека ја добиваат најдобрата вредност за своите пари со што дури и оскудните државни ресурси ќе бидат искористени таму каде ќе можат да дадат најголем придонес“.
*Нели Крос, Европски Комесар одговорен за конкурентност*

Правилата за јавно поддржаните капитални инвестициони шеми за МСП, усвоени во 2006 година, одобруваат инвестиции во висина на 1,5 милиони евра во текот на секои 12 месеци. Исто така за нив предвидени се едноставни процедури на контрола, се со цел да се олесни инвестиционите средства подржани од страна на јавните власти да обезбедат достапен капитал за МСП.

Почнувајки од 2005 година, заради потребата за отварањето на нови почетни бизниси, со правилата за доделување на регионална помош, им овозможуваат на јавните органи во помалку развиените региони да алоцираат субвенции (до 2 милиони евра за неразвиените региони) со цел да обзбедат покривање на обртните средства за помалите компании во текот на првите 5 години од нивното работење. Во таа насока е и правилникот за државна помош за истражување, развој и иновации, усвоен во 2006 година, според кој земјите членки можат да ги поддржат малите и среди претпријатија со изградени сопствени стратегии за иновативност преку Државната помош за поттикнување на иновативноста и патентирањето, чија крајна цел ќе биде да ги охрабри компаниите да вработуваат високо квалификувана работна сила.

Европската Комисија, работи и на поедноставување на процедуралните правила за добивање на државната помош: прагот под кој помошта за МСП (сега, подигната од 100 000 евра на 200 000 евра, сметано за период од три години) се смета премала за да претставува закана за конкурентноста. Ова им помага на владите да им помогнат на МСП. Со усвојувањето на генаралниот правилник за разни олеснувања во Јули 2008 година, постоечките изземања за МСП се консолидирани и проширени, а обврскте за известување олеснети. Претходново, наметнува нови правила во врска со интезитетот и висината на помошта за малите и средни претпријатија (20% за малите, а 10% повисока помош за средите претпријатија), како и за стимулациите за отварање на нови почетни компании. Конечно, тоа значи поедноставување на помошта за МСП наменета за иновации и за заштита на животната средина.
Сите овие мерки се донесени со цел да ја олесни и забрза испораката на државна помош за малите и средни претпријатија. Новиот „Вадемекум за државната помош за МСП“ обезбедува детални информации за тоа.
Повеќе информации за Политиката за конкурентност на Европската Унија, погледнете на:
http://ec.europa.eu/competition/index_en.html and

http://ec.europa.eu/comm/competition/state_aid/newsletter/index.html

## Полесен начин за поднесување на поплака

За да можат компаниите полесно да известат за утврдено незаконски доделената државна помош на конкурентски компании, Комисијата подготви посебен формулар за поплака. Ова треба да допринесе за поефикасно процесирање на ваквите поплаки. Формуларот за поднесување на поплака се наоѓа на:
http://ec.europa.eu/community_law/plainte/form-plainte_en.pdf

*„Конкуренцијата е таа која ги тера компаниите да инвестираат во знаење и иновации и ги приморува да бидат ефиасни и ефективни“.*
***Нели Крос,*** *Европски Комесар за конкурентност*

## Образование и вештини за претприемништво

Претпиемачите – луѓе кои поседуваат деловен менталитет, оние се способни добрите идеи да ги претворат во успешен бизнис – се клучот за просперитетна економија. Тие, исто така, се пресудниот фактор за создавањето на нови работни места и зголемување и растот на конкурентноста на Европската економија во годините кои доаѓаат.
Една од најважните приоритети на Европската Унија е да стимиулира силна желба кај луѓето да станат претприемачи, а во постигнување на оваа цел Комисијата блиско соработува со владите на земјите од Европската Унија
„Претприемачите се економската ДНК која ни е неопходна за градење на конкурентноста и иновативноста во Европа“

***Гинтер Вејхојген***
*Потпреседател на Европската Комисија за претпријатија и Индустрија*

## *“*Генерирање на што повеќе претприемачки ставови

Кој сака да биде претприемач?
Прашање: Претпоставите дека можете да избирате помеѓу различни работни места, кое повеќе го посакувате?
*Извор: Евробарометар – преглед на претприемачките ставови 2007*

На Европа и се потребни повеќе претприемачи. Спротивно од САД, кариерата на претприемач многу ретко е прв избор на луѓето од Европа. Комисијата верува дека треба да создадеме поповолен однос кон претприермачите на тој начин што ќе ги промовираме како добри примери, ќе го прославиме нивниот успех и ќе го намалиме стравот од можен неуспех. Исто така, треба да превземеме се балансот меѓу ризикот и успехот да е осигурен, со што би постигнале претприемништвото да започне да претставува атрактивен изборот за животна кариера на многумина.

## Што превзема Европската Унија?

Комисија заедно со националните влади работи претприемачкото образование да стане интергрален дел на курикулумите на сите степени на образовение. Преприемачкото образование не само што ги образува младите за тоа што всушност претставува претприемништвото, туку и придонесува за поттикнување на нивната креативност и спремноста да превземат иницијатива.
Ова се клучните вештини, не само за успешните претприемачи, туку за секого. Кај некои земји членки претприемништвото е веќе дел на националните курикулуми за средно образование и е цел на нивнот образовен систем.

*Пример:*
Мини компаниајта, “R@”, основана од страна на ученици од погорните класови на средното образование во малото село во Естонија произвела компјутерски глувчиња прекриени со ткаенина со што постигнала значаен успех на пазарот. Во малото село во јужна Естонија, со висока стапка на невработеност, претприемачкиот дух не е вообичаена работа. Сепак, учениците од „R@” велат дека тие во меѓувреме научиле да размислуваат на поинаков начин, така што на претприемништвото гледаат како на важна животна опција.

Пример: На Универзитетот Стачклајд, Велика Британија, Одделот за применета музика обезбеди образование во областа на претприемништвото, овозможувајки им на своите студенти уште во текот на студиите да го препознаат самовработувањето како потенцијален дел на кариерата по дипломирањето.
Европската Унија ја промовира употребата на мини компаниите, кои ги раководат ученици во средните училишта, како практичен начин да се воведат тинејџерите во светот на бизнисот. Истражувањата покажуваат дека околу 20% од учениците кои земаат учество на ваквите програми одлучиле да отворат сопствени компании.

### Како можам да основам компанија во моето училиште?

http://ec.europa.eu/enterprise/entrepreneurship/support_measures/training_education/doc/mini_companies_en.pdf
Погледнете го видето за искуствата на учениците со мини компаниите:
http://ec.europa.eu/enterprise/entrepreneurship/support_measures/training_education/minicomp.htm

### Претприемништвото во високото образование

Повеќето од курсевите за претприменииштвото на Универзитетите се наоѓаат во рамките на студиите по економија. Бидејки бизнис идеите е многу поверојатно да произлезат од техничките, научните и креативните студии, потребно е претприемачкото образование да стане достапно за сите ученици. Европската Комисија ја промовира размената на информации и добри практики во двете сфери.
http://ec.europa.eu/enterprise/entrepreneurship/support_measures/training_education/

### ЕРАЗМУС за новите претприемачи

Европската Комисија ја промовира новата програма за мобилност за новоосновани или партнери претприемачи кои ќе ја поддржат и зголемат нивната прекугранична мобилност. Поминувајки време во некое мало или средно претпријатие од различни земји ќе им овозможи стекнување искуство и знаење кои ќе им помогне да ги надрадат своите вештини. Истовремено, тоа ќе ги поттикне основањето на нови компании во Европската Унија и ќе придонесе за мрежното поврзување помеѓу малите и средни претпријатија.

### Подобрување на сликата за претприемачите

Европската недела на претприемачот, во Мај 2009, има за цел да ги информира малите и средни претпријатија за достапата поддршка за малите бизниси, на ниво на Европската Унија и на национално ниво и да ги охрабри што повеќе луѓе да станат претприемачи. Настанот ќе добие форма на инфорамтивна кампања со низа на настани кои ќе се случуваат насекаде во Европа.
Целата на Европските претприемачки награди е да ги препознае и награди најдобрите иницијативи на регионалните органи кои придонеле на ефективен и иновативен начин да се промовираат претприемништвото и малиот бизнис. На овој натпревар земаат учество повеќе од 320 регионални и локални органи. Општинскиот орган на Билбао, Лан Акинтза, ја освои Гранд При наградата на главното жири за најоригинален пристап кон урбаното обновување. Другите четири иницијативи беа наградени во специјалните категории: Компаниска поддршка, Намалување на административното оптоварување, Инвестиции во луѓето, Одговорно претприемништво и Претприемничко пионерство.
Повеќе можете да прочитате на: http://www.european-enterprise-awards.org

### Финасирање од Европска Унија

Комисијата обезбедува финсирање на инцијативи наменети за доживотното учење, на пример преку програмите на размена студент-наставник во рамките на активностите Еразмус и Ленорадо.
За комплетната листа на документи или дополнителни информации, погледенете на:
http://ec.europa.eu/education/programmes/programmes_en.html

Финансирање од страна на Европска Унија наменето за  на регионите од, исто така е обезбредено за поддршка на активностите на претприемачкото учење. Европскиот Социјален Фонд е најважниот извор на финасисиска поддршка за подобрувањето на можностите за вработување и човечките

ресурси. Во 2006-та, Фондот издвои 70 милијарди евра за проекти насекаде во Европска Унија, а во 2007 – 2013 исттиот ќе обезбеди поддршка во вредност од нови 70 милијарди евра.
Дознајте повеќе за тоа како да се аплицира за ESF финасирањето (Евопскиоот Социјален Фонд) на:
http://ec.europa.eu/employment_social/esf/discover/participate_en.htm

Францускиот проект КРЕАТИВ, координиран од страна на националната Агенција за вработување и кофинасирана од Европскиот социјален фонд им помогна на долго невработените лица да најдат вработување или пак да основаат сопствени мали претпријатија. Проектот овозможи на лицата кои понудиле квалитетна деловна идеја да добијат мал кредит, до 5000 Евра по лице без финасиска гаранција која инаку ја бараат банките. Овие кредити им помогнале на 75 лица од различни профили или нивоа на познавања да основаат сопствени компании.

## Заедничко соочување со предизвиците на опкружувањето project CREACTIVE coordie

National Employment Agency and cofunded
Климатските промени, недостатокот од енергетски извори и потребата од оддржлив развој, го менуваат начинот на кој ние размислуваме и делуваме во бизнисот. Побарувачката за еколошки производи и услуги е во подем, отварајки простор за нови деловни можности. Но, законодавството во врска со животната средина станува се покомплексно, а трошоците за непридржување повисоки.

Недостаток на информации, недоволно познавање и недостаток на ресурси им отежнува на МСП да се усогласат со законодавството на животната средина. Ова дополнително ги попречува целосно да ги искористат предностите како подобрена ефикасност, конкурентност, иновативноста и растот кој го овозможува разумното управување со животната средина. Комисијата во соработка со земјите членки прават се да им олеснат на малите и средни претпријатија да се справат со овие проблеми за да ги трансформираат еколошките предизвици во деловни можности. all loans

## Што превзема Европската Унија

Обезбедува советувања за МСП на теми врзани за заштита на животната средина
Европската Унија **обучува експерти во организациите за деловна поддршка**, како што се деловите асоцијации и стопанските комори. Европската Комисија исто така финасира експерти од областа на зачувување на животната средина во рамките на новата Европска Мрежа на Претпријатија кои им помагаат на малите бизниси преку организирање на посети, информирање и експертиза. Од октомври 2007, Европската Програма за усогласување (ECAP) финансиски го поддржува активностите кои им помагаат на МСП да го усогласат своето работење со обврските и да ги подобрат сопствените еколошки перформанси. Новата веб страна им овозможува на МСП брзо да најдат општи информации за постоечките или идните законски барања кои се однесуваат на нив. Страницата, исто така, обезбедува информации за достапните алатки за управување со животната средина, можностите за финасирање на т.н. „зелени технологии“, односно, примената на технологии кои ја штитат животната средина, добрите практики, националните иницијативи итн.
За повеќе информации околу политиките за заштита на животната средина, посетете ја:
http://ec.europa.eu/environment/sme/

За да го пронајдете контакт лицето на Европска Мрежа на Претпријатија, посетете ја:
http://www.enterprise-europe-network.ec.europa.eu/index_en.htm

## Помош за МСП за управување со животната средина

Програмата Еко-Менаџмент и Ревизија (EMAS) пред извесно време беше ревидирана од страна на Европската Комисија. ЕМАС им помага на бизнисите во унапредување на одржливиот развој и управување со влијанието на животната средина преку планирање, ревизија и подобрување на нивните еколошки перформанси, оптимизирање на употребата на суровините, транспортот, услугите, водите и енергијата, како и нивно усогласување со европското законодавството кое се однсува на животна средина.

Со употребата на логото на ЕМАС, бизнисите не само што ја зголемуваат енергетската ефиасност, туку и постигнуваат поголема експонираност и подобрување на сопствениот имиџ. Korиста од овој

систем е зголемена трошковна ефикасност, повеќе деловни можности на пазарите каде еколошкото производство е важно. МСП можат да имаат корист од можноста за специфични отстапувања во врска со одржувањето на регистрацијата за ЕМАС. Исто така, тие може да ги искористат поволностите од побрзата, помалку бирократизирана и поефтина регистрација преку EMAS Easy – тренинг процес специјално дизајниран за потребите на МСП.
Повеќе за тоа како се користи ЕМАС има на: http://ec.europa.eu/environment/emas/index_en.htm

*„Ништо што е еколошки штетно, не може да биде економски корисно. Насекаде ни се потребни најдобри, најбезбдни и најеколошки решенија. Само повисок расрт може да претставува одржлив раст“*
***Гинтер Вејхојген***
*Потпреседател на Европската Комисија за претпријатија и индустрија*
that s

Петар Енгелбрехтмилер е оџачар од Долна Австрија, кој го превзел фамилијарниот бизнис во 1984 година и моментално вработува 11 лица. Од неговата прва регистрација за ЕМАС, во Јули 2001 тој ја вреднува оваа програма како особеност која е олицетворение на компетентност и високи стандарди и е погодна за клиентите кои сакаат да работат во еколошки услуги. Тој вели: „ЕМАС е одлична алатка која е сведоштво на нашиот имиџ за добар статус и кредибилитет. Нашите клиенти ја препознаваат нашата еколошка политика и сакаат истовремено и да учествуваат и да се идентификуваат со неа“

Бизнисите можат да им помогнат на клиентите да ги идентификуваат сопствените еколошки производи со добивањето на Европската Еко-етикета **(EU Ecolabel).**
Наспроти ЕМАС, Европската Еко-етикета, не врши проценка на еколошките перформанси на целата компанија, туку повеќе ги истакнува високите еколошки краректеристики на одреден производ (земајки ги во вид сите фази на производство на производот, од дизајнирање до депонирање). Учеството на Програмата е доброволно и им овозможува на бизнисите да се користат со етикетата во своето пан-Европско или глобално промовирање.
Дознајте повеќе како да ја користите Европската Еко-етикета на:
http://ec.europa.eu/environment/ecolabel/index_en.htm

## Промоција на Енергетската Ефикасност

Со последното брзо покачување на цените на енергијата, означи дека бизнисите се соочуваат со нови предизвици во одржувањето на ниски производни трошоци и конкурентност. За да помогнат во решавањето на оваа ситуација, Европската Унија постави за цел редуцирање на енергетската потрошувачка во Европа за 20% до 2020 година. Дополнително, кон ова водат и заложбите врзани со климатските промени – намалување на гасовите кои предизвикуваат ефект на стаклена градина и зголемување на потрошувачката на обновливите извори на енергија за 20% до 2020 година.
Европската Комисија, исто така ја создае ***Алатката за енергетска ефикасност за МСП*** (**Energy Efficiency Toolkit for SMEs)**, со цел да им помогне на малите и средни претпријатија ја подигнат сопствената енергетска ефикасност. Тоа нема да придонесе само за подобрување на животната средина, туку ќе ја намали нашата зависност од увозни енергенси од Европа. Меѓудругото, и бизнисите можат да ги користат поволностите од наведеното. Имено технологиите за заштеда на енергијата како и зголемаената употреба на обновливи извори на енергија им отвара нови деловни хоризонти на иновативните компании.

За повеќе информации околу енергетската политика на ЕУ, погледнете на:
http://ec.europa.eu/energy/index_en.html
За посочената алатка, отворете на:
http://ec.europa.eu/environment/emas/pdf/general/energyeff _en.pdf
Финасиската Програма Energy Europe, достапна е на:
http://ec.europa.eu/energy/intelligent/index_en.html

### Обезбедување на насочена финансиска помош

Рамковната програма за Истражување и развој за 2007-2013 (РП7), обезбедува финасиска поткрепа за истражувачки проекти во сферата на заштита на животната средина. Не е задолжително за малите и средни претпријатија да имаат сопствен истражувачки капацитет за да учествуваат во оваа програма. Активностите во полето на еко-иновациите имаат поткрепа во буџетот од 430 милиони евра во рамки на Програмата за конкуретнтност и иновативност (CIP) за 2007-2013 година. Половина од овие средства се достапни во форма на финасиски инструменти, управувани од страна на Европскиот Инвестиционен Фонд, додека втората половина ќе биде употребена за проекти во полето на енергетската ефикасност и обновливите енергии. Овие средства се управувани од страна на Извршната Агенција за Конкурентност и Иновации (EACI).
Европската Комисија бара од државите членки да резервираат дел од расходите на нивните Структурни Фондови (2007-2013) за помош на МСП во промоција на еколошки производи и производни процеси, како што се ефективните системи за управување со животнта средина, технологии за спречување на загадувањето и интергрирање на чистите технологии во производните процеси.

Британското претпријатие Миксланс Лтд. кое вработува 14 лица, има за цел да го произведе првиот еколошки сериски модулар за греење на растенија, кој може да биде размонтиран, преместен или повторно монтиран со минимум на трошоци и напор. Преку финасирање од страна на LIFE Envirоment Програмата на Европската Унија, проектот допринесе за успешно редизајнирање секој поважен аспект на сериските греачи, правејки ги преносливи, доволно чисти во урбаното опкружување и доволно моќни да произведат секаква потребна смеса неопходна за изградба на улици и тротоари.
http://www.mixlance.com/LIFE/
Информации за останатите еко-иновативни проекти може да се најдат на:
http://ec.europa.eu/environment/life/bestprojects/index.htm

### Јакнење на истражувањето и развојот кај МСП

Ако претпријатието сака да преживее и напредува, истражувањето денес станува поважно од кога и да е. Пазарите брзо се менуиваат и постои зголемена конкуренција од страна на новите, надоѓачки економии, како Кина и Индија.

Превземањето на истражување и развој и примената на иновативните идеи во практика е секогаш многу потешко за МСП отколку за големите компании. Малите компании секогаш се во дефицит од финансиски средства и сопствена експертиза за да спроведат истражувања, како и да најдат компетентен деловен партнер за развој на своите идеи како и да земат учество на програми кои кофинасираат истражувачки и иноватини активности.

*„Европа има потреба да стане вистински општество засновано на знаењеи иновативност, каде иновативноста не е заплашувана туку е добродојдена, не е попречувана туку охрабрувана, која е дел на суштинските вредности на нашето општество и на кое се гледа како на активност која работи во корист на сите граѓани“*
***Гинтер Вејхојген***
*Потпреседател на Европската Комисија за претпријатија и индустрија*

### Што превзема Европската Унија во врска со иновациите?

Стратегијата за Еко иновациите има за цел да ги намине пазарните неуспеси и да ги отстрани пазрните бариери кои го спречуваат растот и процветот на иновативните претпријатија во Европа. За да се постигне оваа цел Европската Унија поревзема мерки за подобрување на партнерствата со државите членки, што е рамковен предуслов за иновативност. Исто така Европската Унија обезбедува и соодветно финасирање.

Широкопоставената Стратегија за иновативност ги таргетира мултисекторските прашања, како што се прашањата за интелектуална сопственост, стандардизацијата, јавните набавки. Тоа вклучува специфични активности како јавно-приватното партнерство во форма на заеднички технолошки

иницијативи, иницијативите на пазарот за олово и Европскиот институт за иновации и технологии (EIT).
Главна финасиска алатка за развој на иновативни стратегии на Европската Комисија е Програмата за Иновативност и Конкурентност (CIP). Програмата дава можност за вложување во иновативни активности, првенствено за мали и средни претпријатија. Истата има за цел да го подобри пристапот за финасирање, да се промовира еко-иновативноста и да продолжи да ги финасира активностите на Европската Унија во својта поддршка на бизнисите и иновациите. CIP Програмата има буџет од € 3,6 милијарди евра предвиден за периодот 2007-2013.

Иницијативата Europa INNOVA, финасирана од страна на CIP Програмата, ги собира околу себе претпријатијата, истражувачките организации и инвеститорите за размена на успешни практики во областа на финасирање на иновациите, кластерите, стандардите и иновативниот менаџмет во секторите како што се текстилот, автомобилската индустрија, градежништвото, еко-иновациите, прехрамбената индустрија, информатичката индустрија, вселената и биотехнологијата.
Повеќе од 300 иновативни професионалци од 23 земји членки тековно се инволвирани во 11 секторско-кластерски мрежи, 10 финансиски мрежи, 6 мрежи за стандарди, проект за иновации и менаџмент, како и скоро воспоставената Иновативна платформа услугу заирани на знаење. Прочитајте повеќе за  Иницијативата Europa INNOVA на:
http://www.europe-innova.org/

Европската Комисија исто така го подджува развојот на водечки пазари кои користат законодавство, стандардизација, јавни набавки и други мерки и кои им служат на иновативните производи и услуги во шест сектори избрани како нивен потенцијал: Електронско здравство, одржливо градежништво, заштитен текстил, производи засновани на биотехнологија, рециклажа и обновливи извори на енергија.

Силните и ефикасни колаборативни мрежи, кои работат на специфични географски области, можат да бидат моќна покренувачка сила на регионалниот економски развој и поттикнувачи на иновативноста. Во Европа не недостасуваат таквите кластери, но и недостасуваат кластери од светска класа кои се високо конкурентни на глобалниот пазар. Европската Унија има намера да се фокуира на сите достапни инструменти соо цел да ги зајакне Европските кластери, особено преку зајакнување на транснационалната соработка помеѓу кластерските организации како и меѓу регионалните јавни органи и агенции за иновативност кои се задолжени за програмите на кластерите.

Заедничкото учење помеѓу креаторите на политиките и меѓу колаборативните мрежи, ќе бидат клучни во иднина да се надмине фрагментацијата, а парите да се птрошат поефикасно.

Иницијатаивата PRO INNO Europe ги поддржува таквите колаборативни програми на ниво на политики во различни полиња на иновативноста.
Повеќе за програмата **PRO INNO Europe** прочитајте на: http://www.proinno-europe.eu/

## Што превзема Европската Унија околу истражувањето?

### *Рамковна Програма за истражување и технолошки развој*

Големите издвојувања за истражувања и развој и технолошки иновации се важни за економските раст и создавањето на нови работни места. Приближно сите земји членки поставиле цел за зголемување на износот на средства наменети за истражување и развој. Ако овие цели се исполнат, инвестициите за истражување во ЕУ ќе пораснат до 2.6% од БДП во 2010 година.
Со цел на Европа да и се дадат конкурентски контури, Европската Унија обезбедува финасирање за истражување и развојни проекти. Унијата целосно ја препознава важноста на МСП во иновативниот процес, така што значаен дел од финсирањта на Европската Унија во истражување и развој се наменети за маите бизниси. Седмата рамковна програма (РП7) ќе функционира од 2007 до 2013 со вкупен буџет од 54 милијарди евра, од кои 15% се наменти за МСП. Всушност, во 2007 година, 19% од буџетот беше употребен за МСП.
Ако овој позитеивен тренд продолжи, се смета дека во тек на траењето на програмата РП7, просечно 1 милијарда евра годишно од фондот за итражувања ќе биде достапен за МСП. Дополнително,

учеството на Европската Унија во финасирањето на проекти за МСП е зголемено и сега изнесува помеѓу 50% до 75% од вредноста на проектите.
Додатни 1,3 милијарди евра се издвоени за специфични активности за МСП, помагајки им на оние компании кои немаат итражувачки капацитети, да вршат истражувања, ги прошируваат своите мрежи на соработници, подобро ги искористуваат резултатите на истражувањата заради стекнување на технолошки знаења. Овие финасирања поддржуваат релативно краткорочни проекти, опфаќајки само мал број на МСП во решавање на заеднички или технолошки комплементарни проблеми или пак проекти предводени од страна на асоцијации на МСП за решавање проблеми заеднички на голем број на МСП.
Во минатото, процесот на апликација за добивање на финансиски средсва за истражување беа многу комплексни и бараа многу време. Европската Комисија ги поедностави истите, преку, воведување на помалку комплицирани процедури на евалуација и селекција или преку користење на он-лајн формулари за аплицирање.

**Подобрување на начините на кои МСП можат да имаат корист од средставата на Европската Унија за истражување**

Два проеката од програмата РП7 за МСП, ни ги откриваат добрите практики како да се искористат резултатите од истражувањата. USEandDiffuse ги тагеттираат секторите здравство и информатичко-комуникациските технологии (ИКТ). Проектот треба да го создаде *Прирачникот на најдобрите практики* каде ќе бидат илустрирани најефективните начини на презентирање и користење на резултатите од РТД, како и да го процени неговиот пазарен потенцијал.
ECOinno2SME се фокусира на сегментот на еко-иновациите, посебно на биотехнолгиите, земјоделието, животното опкружувањев и енергијата. Проектот има за цел да ги евалуира завршените истражувачки проекти со учество на МСП, со цел да идентификува зошто овие компании успешно функционираат, а потоа да изнајде начини за нивното ефективно публикување.

Како да се аплицира за финансирање на итражувачките проекти на Европската Унија
Посебно наменети веб страни за МСП целосно ги појаснуваат пороцедурите:
http://ec.europa.eu/research/sme-techweb/index_en.cfm.
Истражувачкиот информативен сервис, исто така, достапен е на:
http://ec.europa.eu/research/enquiries.
Нацоналните контакт лица во секоја од земјите членки на Европската Унија и во земјите придружнички се прилагодени на специфичните барања на МСП:
http://ec.europa.eu/research/sme-techweb/index_en.cfm?pg=support

Линкови:
Програмата за конкурентност и иновативност (CIP):
http://ec.europa.eu/cip/index_en.htm

Политика за иновации:
http://ec.europa.eu/enterprise/innovation/index_en.htm

## Заштита на Вашите идеи

Многу деловни идеи се засновани на нови идеи, интелигентен изум или иновативен маркетинг на производите или услугите. Но, за исфрлањето на иновацијата на пазарот е потребно време и често бара значајни инвестиции. Во ваквите случаи на компанијата и е потребна ефективна правна заштита на нивните креативни идеи – односно заштита на нивното право на ителектуална сопственост. Сепак, МСП со својот недостаток на сопствени познавања и човечки ресурси – тешко можат да се справат со комплексните прави и технички прашања со кои притоа се соочуваат.

## Што превзема Европската Унија

Европската Комисија сака да ја промени културата на правата на интелектуална сопственост во Европа. Затоа, работи на подигањето на свеста за прашањата во врска со интелектуалната сопстбеност и давање поддршка на претпријатијата, посебно на МСП, во искористувањето колку што е можно повеќе од сопствите права на ителектулана сопственост и завземањето на цврст став против пиратеријата.

Унијата признава дека постоењето на исправен систем за заштита на интелекуалната сопственост, достапен за МСП, е клучен за поттикнување на иновативноста. Навистина, земјите кои имаат најдобри резултати во сферата на иновативноста, исто така имаат и високо ниво на патентирања. Токму тоа е причината зошто на правата на интелектуалната сопственост се гледа како на клучен елемент од иницијативите на Европската Унија за промовирање на економски раст и поголема вработеност.

**Силни Права на интелектулана сопственост = Добра иновација**
Последната аналитичка табела за Европската иновативност покажува дека Европа заостанува зад САД и Јапонија и дека постои силна корелација меѓу иновациите и нивото на патентираност. Покрај тоа, тука се и големите разлики во рамките на Европа. Уште повеќе, кога бројот на патентирани производи се стави во соодност со населението, водечките земји не можат да се споредат со САД, која во 2006 година имала 34 794 регистрирани апликации патентирање, Германија – 24 867, Франција била следна со 8 010, Холандија со 7 300, спротивно на Велика Британија со само 4 721 регистрирани апликации.
http://www.proinno-europe.eu/docs/Reports/Documents/EIPR2006-fi nal.pdf

Европската Комисија, во соработка со Европската Патентна Канцеларија, обезбедува обука во врска прашања поврзани со правата на интелектулата сопственост кај малите и средни претпријатија, со цел да им обезбедат подобра поддршка. Комисијата, исто така, блиско соработува и со индустријата со цел да спознае каде претпријатијата се соочуваат со проблеми при ефикасна примена на интелектулната сопственост. Комисијата, исто така, ги идентификув добрите примери кај земјите членки каде претпријатијата се поддржуваат или добиле препораки до националните носители на политики како треба да ги подобрат мерките за тие подобро да одговорат на барањата на бизнисите. За таа цел беше воспотавена и Европската Награда за Дизајн.

### ХЕЛПДЕСК - Служба за поддршка на интелектуалната сопственост, заштита на резултатите од истражувањата

Постојат различни правни начини за заштита на иновациите, авторските права, патентите, заштитената трговска марка или регистритраниот дизајн. Комисијата го постави Хелпдеск – службата за помош на претприемачите, посебно на малите и средни претпријатија, кои учествуваат во европските истражувачки проекти врзани со проблематиката на правата на ителектуална сопственост. Службата нуди насоки и совети во наведената области, а нивните услуги се бесплатни. Правните експерти од Хелпдеск – службата ќе одговорат на секое одделно прашање преку хелп-лајн линијата како и да ги проверат правните документи. Последните три години, хелпдеск службата обезбеди преку 350 он-лајн практични совети за документи, изработила преку 300 често одговорени прашања (ЧПП) и одговорила на 4947 прашања на поединци.
Повеќе на: http://www.ipr-helpdesk.org/

### Интелектуалната сопственост на пазарите во развој

Одговарајки на барањата на бизнисите, Европската Комисијата во Пекинг, во Мај 2008 година, отвори Хелпдеск - Служба за помош при обезбедувањето на правата на интелектуалната сопственост. Таа дава бесплатни информации, првични совети и тренинг-поддршка за Европските мали и средни претпријатија, со цел да ги заштитат и зајакнат нивните права на интелектулана сопственост во Кина. Нејзините услуги се бесплатни и се достапни во канцеларијата во Пекинг, како и преку телефон со одговарање на поставени прашања он-лајн. Разновидни тренинг алатки ќе бидат достапни преку интернет и во работилниците во Европа и Кина. http://www.china-iprhelpdesk.eu

### Патент на заедницата?

Европската Комисија продолжува да ги поддржува напорите на земјите членки во создавањето на Патент на заедицата и Законодавство за патенти на Европската Унија. Ова станува приореитет ако компаниите во целост ги чувствуваат придобивките кои ги нуди единствениот европски пазар. Усвојувањето на Патнтот на заедницата ќе ги намали трошоците на патентирањето и зголемувањето на правната сигурност за европските претпријатија.

**Европски Пронаоѓач на годината**
Во 2006, Европската канцеларија за патенти и Европската Комисија ги награди иновативните претпријатија и поединци прогласувајќи ги за „Европски пронаоѓач на годината“. Победниците од 2008 во категорија на "мали и средни претпријатија", британската фирма ОПТОС, разви нова технологија на ласерско скенирање на очи што овозможува сестрано и безболно испитување на мрежницата.

## Нови технологии – нови прашања во врска со интелектуалната сопственост

Со развој на сателитското емитување и Интернетот, настанаа мноштво проблеми во врска со заштитата на авторките права во т.н. он-лајн окружување. Недостатокот на авторки лиценци ширум Европската Унија им отежнува на провајдерите на новите музички интернет услуги, особено во превземањето на музика, да го развијат својот потполн потенцијал. Европската Комисија внимателно ги рзгледа прашањата и им препорача на земјите членки да го подобрат лиценцирањето и авторки права на он-лајн музичките услуги ширум Европската Унија.

## Заштита на Правата на ителектуална сопственост во борба против пиратеријата

Фалсификувањето е голем проблем за Европските бизниси и за здравјето и безбедноста на Европските граѓани. Преку 100 милиони фалсификувани и пиратски производи се одземени од страна на Царинските служби во Европската Унија секоја година. Фалсификувањето не е само лимитирано на модните и дизајнерските производи, туку се прошири и на играчките, храната, лековите, авто деловите и електро опрема. Заштитата на правата на ителектуалната сопственост во третите земји, според тоа стана поважно од кога и да е.

Европската Комисија во борбата против фалсификувањето и пиретеријата соработува со европските трговски партнери. Редовен дијалог за прашањата на спроведувањето на ителектуалната сопственост се одржува со Кина, Русија и Украина. Од јуни 2006, Европската Унија соработува со САД во областа царинската соработка, билатералните односи со трети земји земји, јавно-приватното партнерство заради спроведување на целта. Европската Унија неодамна одлучи да ги фокусира своите активности во одделни земји.
http://ec.europa.eu/trade/issues/sectoral/intell_property/ipr_epc_countries_en.htm

Во 2004 година Европската Унија усвои правила за спровдување на правата на интелектуалната сопственост, како што се авторските и на неа сродни права, трговска марка, дизајнот и патентите. Носителите на правата ширум Европа сега поседуваат сличен збир на цивилни мерки кои ќе им овозможат одбрана на своите интелектуални права. Ова подразбира санкии и правни средства, како на пример наредба за отповикување, уништување или отстранување на пиратските или фалсификувани стоки од маркетите, како и право на финсиски надомест на штета. Европската Комисија, исто така, предлага одредби од кривичниот закон во борбата против повредата на правата на интелектуалната сопственост, доколку истите предизвикуваат сериозен ризик по здравјето и безбедноста.
Линкови:
Канцеларија за хармонизација на внатрешниот пазар (регистрација на трговските марки и дизајн во ЕУ) http://oami.europa.eu/en/
Патенти на Заедницата: http://ec.europa.eu/internal_market/indprop/patent/index_en.htm
Авторски и средни права ( заштита на правата и он-лајн опкружувањето):
http://ec.europa.eu/internal_market/copyright/management/management_en.htm
Заштита на правата за интелектулана сопственост:
http://ec.europa.eu/internal_market/iprenforcement/index_en.htm

**Занаетчиски и микро претпријатија во ЕУ**
Микро претпријатијата со помалку од десет вработени, кои чинат преку 90% од сите претпријатија, вработуваат околу 30% од работната сила во нефинасисиските сектори и произведуваат повеќе од 20% од додадената вредност. Самовработувањето обезбедува 16% од вкупните вработувања во Европската Унија. Во иминатите години, микро претпријатијата создале најголем број на нови работни мста во неколку стопански сектори, како градежничтвото, транспортот и комуникациите.

Занаетчиските занимања – без оглед дали се столари, меасри, пекари, металски работници или информатички техничари – се наожаат во срцето на локалните заедници во Европа. Тие, воглавно произведуваат во рамките на својата локална база, обезбедуваат работа и обука за стари и млади и даваат важен придонес за иновативноста во Европската економија. Менаџерите на таквите претпријатија во целост се вкучени во сите фази на работењето и остануваат во директен контакт со клиентите.

Занаетчиските и микро претпријатијата се соочуваат со одредени проблеми заради својата величина и ограниченоста на ресурсите. Глобализација на економијата и проширувањето на Европската Унија значајно ги променија предизвиците со кои овие претпријатија се соочуваат. Стартувањето на нов бизнис или добивањето на потребниот капитал е предизвик, како што е и наоѓањето на вистинскиот вид на финасии за проширување на постоечкиот бизнис. Заради своите ограничени ресурси тие страдаат од бирократијата и административниот баласт повеќе одколку големите претпријатија. Тие често се водат битка со цел да бидат во тек со врвните случувања во информатичка и комуникациска технологија и имаат потешкотии во наоѓањето на квалификуван кадар на кои треба да им овозможат адекватна понатамошна обука и образование. Уште повеќе, и изнаоѓањето на наследници на пензионираните сопственици на бизнисите, може да биде проблематично.

## Што превзема Европската Унија?

Сите мерки за поддршка на МСП се дизајнирани така постојано имајки ги во вид занаетчиските и микро препријатија. Нивна цел е да им помогне да извлечат корист од деловните можности кои ги нуди Единствениот пазар. Европската Унија има разбирање за предизвиците со кои се соочуваат малите и средни претпријатија и им помага истите да ги надминат, преку, на пример примена на финасиски инструменти, промоција на мобилност на работната сила и деловните иновации, како и преку поддршка за зголемување на интернационализацијата. европската Унијата, исто така промовира форуми за соработка, деловн трансфер и пристап кон стандардизацијата и упростување на административните процедури посебно за почетните претпријатија и знаетчиите. Уште повеќе, новиот предлог на Европската Комисија за намалување на стапката на ДДВ за трудоинтензивните услуги треба дополително да дадат позитивен импулс за МСП, бидејки секторите како на пример, фризерските салони, ресторанite, малите услужни дуќани и сл. се оние кои воглавно доминираат меѓу МСП.

*„Занаетчиите се најголемите претпријатија во Европа. Тие одлучуваат дали регионот ќе се развива или не. Тоа се тие, како претпријатија од локално и регионално значење кои често прават многу повеќе отколу тоа од нив што го бараат законите – и притоа без да кажат ниту збор околу тоа – поради нивната опшитествена одговорност кон јавното добро, а ние не им оддаваме никаква благодарност и признание кое нивната заложба всушност ја заслужува.“*
***Гинтер Вејхојген***
*Потпреседател на Европската Комисија за претпријатија и индустрија*

Политиката на Европската Унија регулира специфични групи како женското претприемништво, младите претприемачи, како и претприемачите од малцинските етнички групи. Добар пример за ова е поддршката на женското претприемништво. Поради фактот дека само мал број на жени за разлика од мажите се самовработени, Комисијата го подджува женското претприемништво, преку на пример, предлагање на мрежи од женски претприемачи, амбасадори. Комисијата, исто така, го воспостави Женскиот претприемачки портал.

Важен дел на Европската економија не организиран само да обезбедува профит за своите инвеститори. Така-наречената социјална економија, вклучувајки ги задругите, друштва за взаемна поддршка, непрофитните здруженија, фондациите и јавните претпријатија, обезбедуваат широк избор на производи и услуги насекаде во Европа и создаваат милиони работни места. Кога креаторите на политиките работат на подобрување на деловното опкружување во Европа, тие мора да бидат сигурни дека нивниот напор ги има во предвид специфичните карактеристики на претпријатијата во социјалната економија.

**Поттикнување на малите претпријатија да инвестираат во доживотното учење**

Проширувањето на глобалната конкуренција, преминувањето кон општество засновано на знаење, а технологијата која брзо се менува ги трансформира најголем број од аспектите на делување на малите компании. Во иднина, на малите претпријатија се повеќе ќе им се потребни луѓе со различни професионални вештини, од специфични работни профили и со средно и високо ниво на квалификации. Повеќе од било кога, сите Европјани треба да ги надградуваат своите професионални вештини и компетентност. Тоа е причината зошто Комисијата ја подготви Програмата за размена на почетници со цел да им овозможи да стекнат знаења во другите Европски земји.

Микро претпријатијата особено се погодени од недостатокот на стручно оспособена работна сила, резултат претежно на демокрафските промени, па затоа имаат потреба од пребродување на овие потешкотии со привлекување на најквалификуваните работници преку процесот на доживотното учење во рамките на своите компании. За нив е важно да инвестираат во вештините за работење со алатките на електронско работење и комуникации, ја зголемат опфатеноста на новите групи на население при вработувањата, разработуваат концепти кои ќе обезбедат непречен тек на работните процеси и ја поттикнат мобилноста на работната сила. Комисијата силно ги поддржува иницијативите за идентификување на иднините потребни вештини и се овозможи едукацијата и обуките да станат подостапни за вработените и работодавачите во тек на целиот работен век на претпријатијата.

Австрискиот фризерски салон „Елит“ многу доби од Програмата за размена на Европската Унија „Леоноардо да Винчи“. Неколкумина од вработените на салонот учествуваа на размените на програмата и се вратија во Австрија со нови идеи и вештини стекнати во останатите Европски престолнини.На пример, пет Австриски фризерки работеле за локален фризерски салон во Лондон каде се здобиле со нови вештини на фризирање. Некои од нив имаа можност добро да ги употребат своите нови вештини и беа назначени за менаџери на новоотворените „Елит“ салони што значеше зајакнување на брендот „Елит“.
http://ec.europa.eu/education/programmes/llp/structure/leonardo_en.html

**Пренос на сопственоста на бизнисот**

Општ предизвик за занаетчиските бизниси е пензионираниот сопственик да најде наследник. Околу една третина од европските претпријатија ќе се соочат со проблемот на пренос на сопственоста во следните десет години. Тоа значи дека околу 700 000 мали и средни претпријатија имаат смена на сопствениците секоја година. Голем број од трансферите на сопственоста на бизнисите биле неуспешни, од причина што самиот процес на трансфер не бил добро управуван. Во таа смисла, Европската Комисија започна пилот проект со цел да ги советува новите сопственици кои тукушто го превзеле бизнисот. Ова менторство е овозможено од деловните асоцијации, а финансирано од страна на Европската Унија.

Линкови:
Веб страната на Европската Комисија за занаетчиство и мали претпријатија:
http://ec.europa.eu/enterprise/entrepreneurship/crafts.htm
Веб страната на Европската Комисија за мобилност и мали претпријатија:
http://ec.europa.eu/enterprise/entrepreneurship/craft/craft-skills_training/skills_training_main_en.htm
Веб страната на Европската Комисија за промоција на женско претприемништво:
http://ec.europa.eu/enterprise/entrepreneurship/women.htm
UEAPME – Европска Асоцијација за занаетчиство и мали и средни претпријатија:
http://www.ueapme.com/

**Поддршки за МСП на регионално ниво**

На локално ниво деловното опкружување има особено влијание врз малите претријатија, без оглед каде се лоцирани, како и дали околу политиките за поддршка и јакнење на економскта конкурентност се одлучува и се спроведуваат на локално или регионално ниво. Европејците развиле инструменти за поттикнување на регионалниот развој со цел да ги поддржат иницијативите на регионалните актери како и да го промовираат вмрежувањето помеѓу различните ргиони во Европа.

Овие инструменти го поттинуваат претприемништвото, го поддржуваат основањето на новите претпријатија и ги прават малите и средни претпријатија поконкурентни.

## Инвестиции за поддршка на локалните иницијативи

Еден од централните столбови на општата стратегија на Европската Унија за конкурентност, раст и нови работни места е нејзината Кохезионата политика. Структурните фондови 2007-2013 обезбедуваат повеќе од 300 милијарди евра за регионален развој. Повеќе од две третини од овие средства се употребени како мерки за промовирање на бизносот, вработеноста и растот. Малите и средни претпријатија се наоѓаат во средиштето на кохезионата политика која има за цел да ги направи бизнисите и регионите поконкурентни. До 2013, со оваа политика се очекува да се инвестираат околу 27 милијарди – што е најголемиот дел од финсирането на Европската Унија во областа на претприемништвото и услуги на делованата поддршка. МСП ќе бидат поддржани во областа на истражување и развојот, иновации и пристапот до извори на знаење со 68 милиони евра, додека за информациите и комуникациските технологии се очекува да се алоцираат околу 15 милиони евра.

Европскиот социјален фонд за 2007-2013 ја признава посебната улога на малите и средни претпријатија во создавањето на нови работни места и давањето на директна помош на компаниите, е токму дизајнирана за им помогне да се адаптираат на променливите услови на пзарот. Ова вклучува поддршка за развој на човечките ресурси (на пример: обука за вработените и раководниот кадар), внатрешната структура и самите претпријатија, низ креирање на специфични деловни услуги кои ги третираат потербите на МСП или нивните долгорочни стратегии за обука. Тоа исто така обезбедува помош на луѓето кои сакаат да се самовработат како за оние кои ќе работат на промовирање на претприемништвото во образовните ситеми. Се на се, сите овие разновидни видови на поддршка достигнуваат вредност од 16 милијарди евра.

Трошењата се фокусираат на мерките кои ќе помогнат за развојот на малите и средни претпријатија, како што се иновациите, финансирањето и деловна поддршка. Во овој момент, сите региони можат да аплицираат за финасирање од Структурните фондови. Во економски помалку развиените региони, малите и средни претпријатија можат да добиваат директна поддршка под одредени услови, додека во остатокот на Европската Унија, оваа поддршка е воглавно достапна на деловните асоцијации, агенциите за деловна поддршка, локалната администрација и другите посреднички структури. Во сите региони, структурните фондови се фокусираат на мерките - кофинасирање на деловните инкубатори, советувања, обуки, финасиски инструменти за поддршка на МСП, трансфер на технологија и кластрско и мрежно поврзување на МСП.

Конечно, повеќе од 80 милиони евра ќе бидат достапни за зголемување на конкурентноста на земјоделиeто и поттикнување на економската разноликост на руралните средини. Посебен напор ќе се прави во корист на развој на рибарството и регионите со специфични карактеристики, како што се планинските или најоддалечените региони во Унијата.

Изборот на проекти за финасирање секогаш се прави на регионоално ниво. Заради тоа, малите и средни претпријатија и останатите организации заинтересирани за користење на средства од структурните фондови треба да бидат во постојан контакт со локалните власти со цел во секој момент да ги имаат потребните информации.

Линкови:
*Структурни Фондови:*
http://ec.europa.eu/regional_policy/country/gateway/index_en.cfm
*Регионални власти:*
http://ec.europa.eu/regional_policy/atlas2007/fi che_index_en.htm
*Развојни политики за рурални подрачја:*
http://ec.europa.eu/agriculture/rurdev/index_en.htm

**Развивање на чувството за „поголемата слика“ кај МСП**
Со финасиската помош од Структурните Фондови, Стопанската Комора од Кемпен од Белгија покрена проект кој ќе им се овозможи на локалните мали и средни претпријатија да започнат да соработуваат со цел да ги извезуваат некои од своите производи. После спроведената кампања во локалнните весници за зголемување на свесноста, на неколку мали и средни претпријатија, потоа, им беше понуден пакет од индивидуално советување, консултации и совети. Исто така, беше

подготвен прилагоден извозен план, спроведено истражување на пазарот, како и беше направен колективен избор на извозно ориентирани саеми од интерес за компаниите. Членството на оваа акција порасна од 125 на 393 компании во првите три години. Повеќето од компаниите беа мали претпријатија кои вработуваат помалку од 50 луѓе.
Повеќе погледнете на:
http://ec.europa.eu/regional_policy/projects/stories/search.cfm?LAN=EN&pay=ALL&region=ALL&the=6

## JEREMIE Иницијативи

JEREMIE („Заеднички европски средства за микро и средни претпријатија“) е иницијатива на Европската Инвестициона Банка и на Европската Комисија. Таа им нуди можност на регионалните власти да ја подобрат финасиската состојба на малите и средни претпријатија, инвестирајќи дел од своите пари наменети за регионален развој надополнети со финасиска поддршка од други финасиски институци. JEREMIE – средствата ќе бидат искористени за специфични активности за подобрување на достапноста на финансиските инструменти во регионите, како што се каприталот за почетни бизниси, микрокредитирањето и гарантните фондови. За повеќе информации погледнете на: http://www.eif.org/jeremie/ или контактирајте ги локалните власти кои ги менеџираат Регионалните програми на Европската Унија. http://ec.europa.eu/regional_policy/atlas2007/fiche_index_en.htm

**Европска награда за претпријатијата - "Признание за извонредна регионална промоција на претприемништвото“**

Целта на Европската награда за претпоријатијата е да оддаде признание за вонредните иницијативи од страна на регионалните органи кои допринеле за ефективен и иновативен начин за промоција на малите и средни претпријатија.
Во 2007 година, повеќе од 320 претставници од регионалните и локалните власти земале учество на овој натпревар, од кои 48 се номинирани на национално ниво. Општинскиот орган Лан Екинтаза од Билбао ја освоил Големата награда на жирито за нивниот оригинален пристап кон урбаната обнова: купување на локации во запуштените делови на градот, обновување на стари деловни објекти во кои се вработиле дел од невработените жители, а потоа истите биле продадени на нови одржливи бизниси.
На церемонијата на доделување на наградите во Порто, Декември 2007, четири други инцијативи беа наградени во одделни категории за поддршка на претпријатијата, намалување на административното оптоварување, вложување во човечкиот потенцијал, одговорно претприемништво и претприемничко пионерство. http://www.european-enterprise-awards.org/

## Европската Унија пред Вашите врати

Малите бизниси, особено во нивната рана фаза, често немаат доволно ресурси да ги следат многуте различни видови помош кои Европската Унија може да ги обезбеди. Уште повеќе, тие не се во ни состојба да го проценат иновативниот и пазарниот потенцијал на своите производи или да ги истражат околу нови деловни можности, особено надвор од просторите кои тие добро ги познаваат.
Европската Мрежа на Претпријатија ја премостува оваа празнина. Со повеќе од 550 контакни пунктови и скоро 4000 лица искусен персонал, таа е најголемата мрежа која обезбедува висококвлитетни, интегрални услуги за МСП, информации за политиките на Европската Унија, програмите и законодавството, барањето на деловни партенри и база на податоци за деловна соработка, брокерски настани за трансфер на технологија и знаења, промотивен и информативен материјал, индивидуални компаниски посети на компании цо цел да се проценат нивните потереби, алатки кои ги вклучуваат МСП во носењето на европските политики, поддршка за МСП да се зголеми нивното учество во Европските истражувања.
Следејки го принципот „не постои погрешна врата“ како и блискоста на принципите, малите и средни претпријатија низ цела Европа ќе ја добијат потребната поддршка локално од страна на било кој партнер на мрежата или ќе бидат преупатени директно до најсодветниот извор на услуги.
Линк: http://www.enterprise-europe-network.ec.europa.eu/index_en.htm

- **Европска заложба за малите бизниси**
- **Закон за мал бизнис за Европа**
- **Факти и бројки**
- **Олеснување на животот за малите бизниси**
- **Подобрување на пристапот за финасирање**
- **Помош на МСП за излез во странство**
- **Обезбедување на фер конкуренција**
- **Образование и вештини за претприемништвото**
- **Заедничко соочување со предизвиците од животнтата средина**
- **Јакнење на истражувачките активности и иновативност на МСП**
- **Заштита на Вашите идеи**
- **Микро-претпријатијата и занаетчиите во Европа**
- **Поддршка на малите бизниси на регионално рамниште**